Институт за
комуникациски студии

Институт за комуникациски студии
+389 2 3090 004
Ул. „Јурај Гагарин“ 17/1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК НА ИНСТИТУТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

Институтот за комуникациски студии препознава дека е можно понекогаш, како организација, да биде изложен на одредени ризици поради природата на своите активности и опкружувањето во кое делува и работи. Клучно за успехот на Институтот за комуникациски студии е ефективното управување со ризикот преку кое ќе се обезбеди остварување на целите на организацијата. Ризиците се појавуваат поради оперативното работење на самата организација но исто така се предизвикани и од надворешни фактори. Ризиците можат да се појават на многу начини и имаат потенцијал да влијаат на финансискиот учинок, репутацијата, здравјето и безбедноста, заедницата и на целокупното работење на организацијата.

ПОЛИТИКА

Во насока на целосно разбирање на ваквите ризици, Институтот за комуникациски студии воспостави Политика за управување со ризикот која претставува рамка за начинот на кој ќе се управува со ризиците во рамките на организацијата. Оваа Политика е дел од раководната рамка на организацијата и во неа исто така е вграден и процесот на стратешко планирање. Политиката се однесува на стратешките и на оперативните ризици.

Ние ќе ги користиме нашите вештини и експертиза за да ги идентификуваме ризиците во организацијата. Институтот за комуникациски студии исто така ќе воспостави оперативни контроли за управување со ризикот. Дополнително, ние ќе го процениме и степенот или големината на ризикот земајќи го предвид неговото потенцијално влијание врз нашето работење. Ризиците ќе бидат рангирани на стандарден и доследен начин а ќе биде воспоставен и одржуван Регистар на ризици во кој ќе бидат содржани материјалните ризици за организацијата. Ќе бидат изготвени и активности и планови за третман на оние ризици кои се сметаат за неприфатливи за организацијата.

Ризиците и ефективноста на системот за управување со ризици ќе бидат предмет на редовен мониторинг, при што нашиот пристап кон управувањето со ризици ќе го комуницираме и со релевантните засегнати страни, преку заеднички консултации.

ТОЛЕРАНЦИЈА НА РИЗИК

Нашата толеранција кон несакани ризици ќе се користи за определување кои од ризиците ќе бидат предмет на третман, и тоа преку развој на активности за третман на ризиците со цел управување со истите на прифатливо ниво. Во текот на овој процес ќе разгледуваме и дополнителни контролни мерки кои ќе овозможат управување со ризиците на прифатливо ниво.

ИНТЕГРИРАЊЕ СО УПРАВУВАЊЕТО И СТРАТЕШКОТО ПЛАНИРАЊЕ

Политиката за управување со ризици претставува составен дел од раководната рамка и таа е интегрирана во процесот на стратешко планирање. Политиката се однесува на стратешките и на оперативните ризици, како и на барањето на самата организација да делува во своето регулаторно опкружување.

Институт за комуникациски студии
+389 2 3090 004
Ул. „Јуриј Гагарин“ 17/1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

ОТЧЕТНОСТ

Одредени функции во самата организација ќе бидат задолжени за ризиците и за активностите за третирање на тие ризици. Институтот за комуникациски студии има воспоставено отчетност во однос на управувањето со ризиците кај извршните, раководните и надзорните функции, кои имаат обврска да известуваат за ризиците и за активностите на третман на ризиците.

Институт за
комуникациски студии

Институт за комуникациски студии
+389 2 3090 004
Ул. „Јуриј Гагарин“ 17/1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

План за ризици и непредвидени ситуации

Бр.	Фактор на ризик	Изјава за ризик	Веројатност (м/с/г)	Влијание (м/с/г)	План за ублажување и непредвидени ситуации	Мониторинг
Ризик во управувањето со проекти						
1	Временски рокови	Дури и со најдобро подготвен план, можно е да се случат непредвидени околности, особено кога се работи со големи работи, со вклучување на повеќе страни.	С	С	Да се има соодветно планирање на проектниот план: кога, каде, како и кој ќе прави што. Сите членови да се посветени на иста временска рамка кога заеднички работат на проектот. Да се остави малку простор/ резервно време за завршување на задачите, во случај на промена или на непредвидени околности.	Координатори
2	Домино ефекти од евентуалните одложувања	Поради тесната меѓусебна зависност на партнерите – неуспехот на едниот партнер каскадно предизвикува проблеми кај другите партнери	М	Г	Да се овозможи рано детектирање на евентуалните одложувања и да се избегнуваат, кога тоа е можно, со прераспределба на задачите, ако е неопходно	Координатори
3	Менаџирање со тим	Судир на мислења или стилови на работа.	М	М	Да се обезбеди дека тимот е усогласен и ефикасен. Да се почитуваат мислењата и стиловите на работа на другите. Да се донесуваат одлуки како тим и работите да се решаваат на позитивен	Координатори

Институт за комуникациски студии
+389 2 3090 004
Ул. „Јуриј Гагарин" 17/1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

					начин.	
4	Грешки во извршувањето на задачите и проценката на вештините	Ова ќе доведе до неможност навреме да се заврши проектот.	М	С	Да се има генерален проектен менаџер кој ги следи и распределува разните задачи на соодветен начин, истовремено давајќи соодветен приоритет на овие задачи.	Координатори
5	Ризик во однос на процесот на известување	Иако координаторот ќе известува за сите активности и резултати од проектот, партнерите треба да доставуваат периодични извештаи за активностите кои тие ги имплементирале и тоа ќе биде услов за финансирање.	М	Г	Партнерите ќе се придржуваат кон утврдените правила и рокови за доставување на извештаи.	Проектен менаџер
6	Недостапност на вработените	Поради болест кај вработените или други проблеми, кои можат привремено да ги спречат да работат.	М	С	Надлежноста на отсутното лице да се пренесе на друг вработен	Проектен менаџер
7	Споделување на информации и фајлови	Повеќе колеги кои работат на повеќе фајлови во исто време може да доведе до недоследност или до добивање на неажурирани информации и фајлови. Губење на податоци кои несоодветно чување или дефекти на хардверот.	С	С	Да се користат споделувани шаблони и фолдери за соработка, и да се воведе соодветна процедура за заложба кај вработените.	Проектен менаџер
8	Комуникација и	Несоодветно	М	М	На самиот почеток од	Проектен

Институт за комуникациски студии
маркетинг +389 2 3090 004
Ул. „Јуриј Гагарин" 17/1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

		промовирање и дисеминирање на проектот. Давање неточни информации и објавување на интернет страницата на проектот и на секој друг медиум кој би го користеле.			проектот ќе биде изготвен План за дисеминација во кој ќе бидат содржани целните групи, временската рамка на активностите, надлежностите на партнерите и ресурсите кои се алоцирани. Дополнително, заеднички ќе бидат изготвени и промотивни алатки и материјали. Информациите и податоците кои не се точни ќе бидат коригирани што е можно поскоро.	менаџер Проектен координатор
9	Немање присуство на јавни настани	Нема интерес за темата на конференциите и работилниците	С	С	Партнерите имаат искуство во организирање настани. Ако е неопходно, сите партнери ќе користат институционални ресурси со цел навремено реализирање на предвидените резултати.	Проектен менаџер
Финансиски ризици						
10	Доволно финансиски средства	Поради ограничувања на буџетите, некои активности можно е да се соочат со немање доволно финансии.	С	С	Координаторот и партнерите ќе се договорат да ги распределат средствата помеѓу нив, зависно од обемот на работа и нивниот придонес кон проектот, на писмено и потпишано од законските претставници на координаторот и на партнерите	ИКС и партнерите
11	Ризици поврзани со процесот на известување	Ненавремено и несоодветно известување	С	Г	Координаторот ќе го исплаќа партнерот во фази и во износи дефинирани со буџетот на проектот за имплементирање на секоја активност, по добивањето на извештај и на придружната документација како доказ дека активноста	ИКС и партнерите

					била имплементирана.	
Технички ризици						
12	Проблеми со хардверот и софтверот	Недостапност на хардверот и софтверот кои можеби ќе бидат потребни во текот на проектот.	М	С	Обезбедување дека сите софтверски и хардверски компоненти кои можеби ќе бидат потребни за проектот се обезбедени што е можно порано.	ИКС
13	Безбедност	Спречување на хакирање на софтверот и хардверот како и спречување на заразување на нашите системи со вируси.	М	С	Користење антивирус софтвер за лоцирање на вируси и црви (worms) во конкретен систем. Наша намера е да користиме резервен (backup) систем сè додека проблемот не биде решен. Инсталирање на антивирус софтвер и сличен софтвер за откривање вируси и хакери – воспоставување на соодветна топологија во интернет вмрежувањето.	Проектен менаџер
Надворешни ризици						
14	Промена на барањата кај донаторот	Донаторот е можно да ги промени барањата во било кој момент од развојниот циклус т.е. времетраењето на проектот.	С	Г	Идентификување на односите и нештата кои би биле засегнати со промените во барањата и сведување на минимум или целосно елиминирање на попречувањата. Доделувањето на соодветно дополнително (buffer) време исто така ќе помогне во „вметнувањето" на дополнителни задачи согласно променетите барања.	ИКС и партнерите

Институт за комуникациски студии

Институт за комуникациски студии
+389 2 3090 004
Ул. „Јуриј Гагарин“ 17/1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

15	Погрешно толкување на барањата на донаторот	Барањата е можно да бидат погрешно протолкувани дури и по направена претходна дискусија и потврдено разбирање кај нас.	С	Г	Појаснување на барањата пред започнување. Како алатка да се користи и прототипот.	Проектен менаџер
16	Раскинување на договорот	Донаторот може да одлучи да го раскине договорот или учеството на еден или повеќе корисници вклучени во проектот.	М	Г	Координаторот и партнерите мора да бидат многу внимателни и да избегнуваат сериозни грешки, неправилности или измами во процесот на доделување или имплементирање на грантови, како и во извршувањето на своите обврски како дел од договорот.	Лидерот на проектот
17	Договори	Прашања поврзани со склучување договори со надворешни експерти, компании, агенции за маркетинг и односи со јавност, медиуми и сл.	М	М	Да се обезбеди дека сите отворени прашања поврзани со договорите се решаваат што е можно порано.	Проектен менаџер
18	Разно	Сите други фактори кои не се земени предвид			Зависат од факторите.	Проектен менаџер